Се збогатува фондот на институциите од областа на ликовната уметност

# Откупените уметнички дела претставени во Мала станица

Tweet
Like 0 Share
29 март 2016 - 15:42

На изложбата се претставени 59 уметнички дела од кои 43 се ликовни остварувања на нашите реномирани автори, како и 16 скулптури од галериски формат откупени со конкурсот на Министерството за култура на РМ



Во Националната галерија, објект "Мала станица" во Скопје отворена е изложба на која се претставени уметничките дела на доајените, претставниците од средната и младата генерација на македонски автори, кои беа откупени од страна на Министерството за култура во рамките на вториот конкурс од областа на визуелната уметност.

> "Изложбата е резултат на нашите заложби да го збогатиме националниот фонд на институциите од областа на ликовната уметност во нашата држава, да го дополниме со делата на еминентните автори кои со своето творештво оставија траен белег во македонската ликовна уметност. Изложбата која денеска ја отвораме го обединува творештвото на доајените, претставниците од средната и младата генерација на македонски автори. Уверена сум дека и во иднина оваа стимулативна мерка ќе влијае на поттикнувањето на домашното уметничко творештво и афирмацијата на улогата и статусот на авторот во нашата држава", истакна на отворањето на изложбата министерката Елизабета Канческа-Милевска.

На изложбата се претставени откупените 59 уметнички дела од кои 43 се ликовни остварувања на нашите реномирани автори како Вангел Коџоман, Љубомир Белогаски, Томо Владимирски, Томо Шијак... Со Конкурсот се откупени и 16 скулптури од галериски формат на авторите Васко Василев, Јордан Грабуловски, Жарко Башевски, Исмет Рамиќевиќ, Ибрахим Беди...

Според министерката, дел од овие откупени слики и скулптури се веќе изложени во постојаните поставки на Музејот на современа уметност и на Националната галерија.

Минатата година, со првиот откуп на ликовни дела, национални институции ги збогатија своите збирки со 54 дела на 52 македонски автори. Досега се откупени вкупно 113 дела за кои се издвоени 13 милиони и 389 илјади денари.

Канческа -Милевска посочи и дека секоја година, македонските уметници добиваат можност да го презентираат сопственото творештво во културно-информативните центри во државата, но и во Софија и Њујорк, како и да остварат престој во македонското ателје во Париз. Поддржано е и претставувањето на Биеналето на ликовната уметност во Венеција, а реализирани се и бројни инфраструктурни проекти.

Дита Старова Керими, директорката на Националната галерија, пак, истакна дека оваа установа се збогати со 21 дело. Таа ја најави и богатата програма за 2016 во рамките на која ќе можеме да ги проследиме изложбите на Искра Трпева во април, по што следат и изложбите на Решат Амети, Славица Јанашлиева, Тони Чатлевски, Демјан Хрст, како и на Жарко Башевски, Никола Мартиновски..., а ќе се одржат и бројни едукативни работилници.

> "Над 100 откупени уметнички дела се меродавни репери дека имаме институција која се грижи за уметноста и гради временски запис за она што ние уметниците го правиме.", истакна и Христијан Санев уметник и директор на Друштвото на ликовните уметници на Македонија.

**Груевски: Ќе продолжи откупот на уметничките дела**

На изложбата во Мала Станица, претседателот на ВМРО-ДПМНЕ истакна дека се работи за изло'ба на откупените дела од Владата кои се уметнички слики и скулптури.

> -Тоа е иницијатива која ја покренавме пред две години јас и министерката за култура. Ова е втора година кога се откупија многу значајни дела од многу македонски автори и тоа е еден нов процес, нова димензија во поддршката на уметниците. Таква поддршка немаше во претходните години и во духот на поддршката на македонската уметност, сликарство, вајарство одлучивме како влада секоја година, Министерството да откупува одреден број на уметнички дела. Овој тренд ќе продолжи и натаму, уметниците мо'ат да сметаат дека оваа политичка гарнитура ја цени и ја поддржува уметноста, ќе ја поддржува и во иднина и во оваа форма и ќе продолжи откупот на нивните дела. За оваа намена Министерството инвестираше над 13 милиони денари, откупени се над 100 уметнички дела на задоволство на многу автори, кои ќе бидат добро сочувани и дел од нив изложени, дел од јавниот сектор, а дел од музеите. Мислам дека ова недостасуваше кај нас и е одличен потег кој им помага на многу уметници.

